# НАСТАВНИКОТ И УЧЕНИКОТ

Наставникот спрема учениците се однесува како кон субјекти и соработници со примена на постапки кои се во духот на современите педагошки норми при што:

- ја почитува личноста на секој ученик
- професионално и чесно се однесува кон секој ученик и е праведен и хуман, објективен и непристасен, одмерен и доследен без оглед на возраста, полот, верата, националноста, расата и општествено – економската положба;
- наставникот да избегнува стил на комуницирање и недолични појави за професијата што ја обавува;
- верува дека секој ученик може да научи должен е на секој ученик тоа да му го овозможи;
- не смее да има догматски пристап кон наставните содржини и секогаш да ја поттикнува и негува самостојноста, критичноста и индивидуалноста на ученикот пеку методи и активна настава;
- да ги познава стиловите на учење и оспособува учениците за самостојно учење;
- го учи ученикот како да ги самооценува сопствените постигања;
- го оценува реално знењето на ученикот со изградени критериуми при што се труди да го открие степенот на знаењето на ученикот, а не да бара празнини односно незнаење и притоа редовно да го информира ученикот.;
- бара ученикот навремено и квалитетно да ги извршува своите задачи и тоа редовно;
- не смее да ги омаловажува и навредува учениците;
- со учениците не смее да пројавува агресивност, нетолерантност, желба за доминација, плашливост, апатичност, депресивност, некомуникативност, болна самоувереност, болна амбициозност и сл.;
- никогаш да не го казнува ученикот телесно, не го малтретира психички и не се служи со плашење, уцена, заканување и други форми на негативно однесување;
- избира и води воннаставни активности во кои се смета за најинвентивен и преку кои ќе им овозможи на учениците да ги задоволат своите интереси и да ги развиваат своите таленти;
- ги познава социјално – економските и други услови во кои учениците живеат и учат;
- должен е редовно да им помага на учениците кои заостануваат во совладување на наставата;
- бара од учениците уредно, пристојно и дисциплинирано да се однесуваат, а на секој вид девијантно однесување, реагира со укажување;
- должен е да го сослуша секој ученик кога ке му се обрати за совет или помош во решавање на лични проблеми или да му помогне или да го упати на стручна помош кај компетентни лица во или надвор од училиштето;
- во работата со учениците не ги искажува своите политички уверувања и определувања и не дозволува пропагирање на било какви тесно политички идеологии;
- со личен пример и со сретства се бори против причинителите на болести од зависност и другите негативни појави, дрогата, алкохолот, пушењето, криминалот и др;
- меѓу учениците постојано гради однос на другарство, разбирање, соработка и почитување;
- да го почитуваат правото на избор на учениците.